# УСЛОВИ ЗА АНГАЖМАН

на финансиски експерт за
Изработка на Стратегија за одржливо финансирање на заштитено подрачје

Проект: „Оживување на Дојранското Езеро: Зајакнување на локалните капацитети за долгорочна заштита“, Северна Македонија

Локација: Општина Дојран, Северна Македонија

Тип на ангажман: Индивидуален експерт – финансиски експерт

Времетраење: 15 работни дена во периодот Март-Ноември 2026

Краен рок за аплицирање: 26 март 2026 година

## 1. Позадина

Проектот „Оживување на Дојранското Езеро: Зајакнување на локалните капацитети за долгорочна заштита “има за цел да придонесе кон долгорочна заштита и одржливо управување со Споменикот на Природа Дојранско Езеро.

Дојранското Езеро, како заштитено подрачје, бара одржливи механизми за финансирање за да се обезбеди ефикасно управување, зачувување и долгорочен еколошки интегритет. Актуелните извори на финансирање често се ограничени и недоволни за покривање на оперативните потреби.

За таа цел, Здружението за одржлив развој Милиеуконтакт Македонија ангажира финансиски експерт кој ќе го поддржи развојот на рамка за одржливо финансирање, вклучувајќи проценка на финансиските потреби, идентификација на недостатоци во финансирањето и дизајнирање на механизми за генерирање приходи усогласени со целите за зачувување на заштитените подрачја.

## 2. Цел на ангажманот

Целта на овој ангажман е проценка на оперативните трошоци на субјектот кој е задолжен за управување со Дојранското Езеро, анализа на буџетот и подготовка на извештај за трошоците и потребите за финансирање. Исто така, ќе биде подготвена и тригодишна стратегија за одржливо финансирање на заштитеното подрачје – Споменик на Природа Дојранско Езеро.

## 3. Опфат на работата

Финансискиот експерт ќе направи проценка на финансиските потреби за управување со Споменик на Природа Дојранско Езеро и ќе изработи тригодишна стратегија за одржливо финансирање на заштитеното подрачје.

Задачата вклучува анализа на оперативните трошоци, идентификување на празнините во финансирањето, како и давање практични и одржливи механизми за финансирање.

Ангажманот опфаќа:

- Анализа на постојните оперативни и инвестициски трошоци за управување со Споменик на Природа Дојранско Езеро
- Проценка на финансиските потреби и идентификација на недостатоци во финансирањето, како и идни можности за финансирање преку консултации со релевантни засегнати страни

- Изработка на 3-годишна стратегија за одржливо финансирање на заштитеното подрачје во тесна соработка со проектниот тим
- Дизајнирање практични алатки за генерирање приходи
- Развивање и тестирање на пилот-механизам за финансирање, со следење на приходите и подготовка на препораки за негово понатамошно унапредување

Експертот ќе соработува тесно со координаторот на проектот и засегнатите страни за да се осигури дека предложените финансиски решенија се реални, одржливи и усогласени со целите за заштита на Споменикот на природа Дојранско Езеро.

## 4. Клучни задачи

Задача 1: Проценка на финансиските потреби и празнини/недостатоци

- Анализа на оперативните трошоци на органот за управување со Дојранското Езеро.
- Идентификување на финансиските празнини и приоритетните потреби.

Задача 2: Изработка на стратегија за одржливо финансирање

- Поддршка и учество во изработката на 3-годишна одржлива стратегија за финансирање.
- Учество во консултации со засегнатите страни и дискусии на фокус групи.
- Идентификација и предлог на разновидни извори и механизми за финансирање.

Задача 3: Дизајнирање алатки/механизми за генерирање приходи

- Развивање на најмалку три практични алатки за финансирање, како на пр. Дозволи за екотуризам; Системи за донации; Модели за спонзорство и др.
- Обезбедување јасни упатства за имплементација на алатките.

Задача 4: Поддршка при имплементација на пилот-алатка

- Поддршка на имплементацијата на една избрана (пилот) алатка за финансирање.
- Следење на приходите и ефикасноста на пилот-алатката
- Документирање на научените лекции и препораки за подобрување.

## 5. Очекувани резултати

- Анализа со извештај за трошоците и потребите за финансирање (вклучувајќи анализа на празнините).
- 3-годишна стратегија за одржливо финансирање за заштитеното подрачје Дојранско Езеро, изработена во соработка со проектниот тим.
- Дизајнирање на најмалку три алатки/механизми за генерирање приходи и упатства за нивна имплементација.
- Извештај за имплементација на една пилот-алатка/механизам за финансирање, вклучувајќи следење на приходите, ефективноста на алатката и препораки за подобрување, изработен во соработка со проектниот тим.

Сите документи треба да бидат подготвени на македонски и англиски јазик.

## 6. Времетраење на ангажманот

Ангажманот ќе се реализира во периодот Март-Ноември 2026 година со вкупно 15 работни дена.

## 7. Институционални аранжмани

Експертот ќе работи во координација со проектниот тим на Милиеуконтакт Македонија. Експертот директно ќе му одговара на координаторот на проектот и ќе соработува со релевантните институции и засегнати страни.

## 8. Квалификации и искуство

Кандидатот треба да има:

- најмалку 5 години професионално искуство во областа на економија, финансии, економија на животната средина или сродна област
- искуство во финансиска анализа или одржливо финансирање.
- искуство во работа со јавни институции или политики поврзани со животната средина
- силни аналитички и известувачки вештини.
- одлично познавање на македонски и англиски јазик

Предност ќе имаат кандидати кои имаат искуство со заштитени подрачја и проекти кои се однесуваат на финансирање на јавниот сектор.

## 9. Критериуми за евалуација

Апликациите ќе се оценуваат врз основа на следните критериуми:

| Критериум | Максимум поени |
|---|---|
| Релевантно искуство и квалификации | 30 |
| Предложена методологија / технички пристап | 30 |
| Финансиска понуда | 40 |
| Вкупно | 100 |

Договорот ќе му биде доделен на кандидатот кој ќе освои највисок вкупен број поени.

## 10. Потребна документација

Кандидатите треба да достават:

- биографија (CV)
- мотивациско писмо со краток опис на релевантното искуство
- предложена методологија (максимум 2 страници)
- финансиска понуда (паушален износ за 15 работни дена)
- листа на најмалку два релевантни ангажмани

Кандидатите се охрабруваат релевантните ангажмани да ги прикажат во следната форма:

| Проект / ангажман | Клиент / институција | Година | Краток опис | Улога на експертот |
| --- | --- | --- | --- | --- |

По потреба, од кандидатите може дополнително да се побараат докази за учество во наведените ангажмани.

## 11. Финансиска понуда

Кандидатите треба да достават финансиска понуда како паушален износ за целиот ангажман (15 работни дена).

Максималниот износ по работен ден изнесува 170 USD.

## 12. Начин на аплицирање

Апликациите треба да се испратат на електронската адреса: info@mkm.mk со наслов:

„Финансиски експерт – стратегија за одржливо финансирање“

Краен рок за доставување на апликациите е:

26 март 2026 година (четврток) до 17:00 часот

За дополнителни информации може да се обратите на: info@mkm.mk и aleksandra.s@mkm.mk.